Андон Мајхошев

# СИНДИКАТОТ ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ

**Издавач:**
НУ Библиотека "Гоце Делчев"
и печатница "Илинден 2002" – Штип

**За издавачите:**
Делчо Везенковски
Влатко Славков

**Рецензент:**
Томе Георгиевски

**Јазична редакција:**
Благојче Богословски

**Компјутерска обработка:**
Милан Георгијев

**Печати:**
Печатница "Илинден 2002" Штип

**Тираж:**
350 примероци

CIP – Каталогизација во публикација
Национала установа - Библиотека
"Гоце Делчев" – Штип

331.105.44(497.7):32
32(497.7):331.105.44
34(497.7):331.105.44

**МАЈХОШЕВ, Андон**

Синдикатот во политичките процеси / Андон Мајхошев. -Штип: НУ-Библиотека "Гоце Делчев": Печатница "Илинден 2002", 2007 (Штип: Печатница "Илинден 2002". -252 стр.; 23 см
Белешка за авторот и слика во боја на авторот на надворешната страна на задната корица. –Вовед/Андон Мајхошев:стр 9-11.-
Фусноти кон текстот. Библиографија: стр. 249-252
ISBN 9989 – 147 – 32 – 9
а) Мајхошев, Андон (1961-) –Синдикати – Политички процеси
COBISS.MK-ID 512382708

**АНДОН МАЈХОШЕВ**

# СИНДИКАТОТ ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ

**Штип, јуни 2007 год.**

СОДРЖИНА

**Вовед ........................................................................9**

**1. ТЕОРИСКИ АСПЕКТИ ЗА ПОЛИТИКАТА..................12**

1.1. Определување на поимот за политика ........................ 12

1.2. Поим за политички систем ........................................ 14

1.3. Структура на политичкиот систем ............................ 15

1. 4.Поделба-класификација на политичките системи...... 17

1.5. Поим и видови на политичка култура ........................ 20

1.6. Поим за политички процес........................................ 23

**2. СИНДИКАТОТ И ПРОЦЕСОТ НА ПРИВАТИЗАЦИЈА25**

2.1. Што е приватизација?.................................................. 25

2.2 Правен основ на приватизацијата ............................ 27

2.3 Модели на приватизација.......................................... 28

А.Трансформација на мало претпријатие..........................29

Б. Трансформација на средно претпријатие ......................30

В. Трансформација на големо претпријатие ......................31

Г. Издавање на претпријатието во закуп............................31

Д. Трансформација на претпријатие во стечај..................32

2.4 Правен, економски, политички и социјален аспект на приватизацијата ........................................ 33

2.5 Последици од приватизацијата .................................. 36

2.6. Улога на синдикатот во процесот на......................... 44

приватизација .................................................................. 44

2.7.Заклучни согледувања.................................................. 48

**3.СИНДИКАТОТ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕ..50**

3.1. Улогата на синдикатот во одлучувањето (историски контекст) .................................................... 50

А. Синдикатот во периодот на државниот.........................50

социјализам..........................................................................50

Б. Синдикатот во периодот на самоуправниот социјализам ..........51
В. Синдикатот и политичките процеси во самостојна Македонија (1990-2006) ..........53
3.2. Теории за процесот на одлучување ..........55
3.3. Лобирање, интересни групи и групи за притисок ..........59
3.4. Начин на делување на групите ..........66
3.5. Уставно-правни основи на процесот на донесување на закони ..........67
3.6. Методи на дејствување врз донесувачите на одлуки ..........70
3.7. Технологија на процесот на донесување на одлуки ..........73
3.8. Актери во процесот на одлучување ..........74
**4. ТРИПАРТИЗМОТ (СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ) ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (МОЖНОСТ ДА СЕ ВЛИЈАЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕ) ..........77**
4.1. Поим за трипартизам ..........77
4.2. Нормативно-правна основа на трипартизмот во Република Македонија ..........80
4.3. Меѓународно-правни инструменти на трипартизмот ..........82
4.4. Институционални форми на трипартизам ..........84
4.5. Успешен национален модел на трипартитен социјален дијалог ..........91
4.6. Значење на трипартизмот (социјалниот дијалог) ..........93
4.7. Проблеми и лимити на трипартизмот во РМ ..........95
4.8. Перспективи на трипартитното социјалното партнерство ..........104
4.9. Заклучок: Наместо социјален дијалог-социјален монолог ..........107

4.10. Одлучување преку трипартитен социјален ............ 110
дијалог: Наместо социјален монолог- социјален дијалог110
4.11. Шематски приказ на процесот на одлучување преку Економско-социјален совет ........................................ 118
4.12. Препораки ........................................................ 119
**5. СИНДИКАТОТ И ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС...............122**
5.1. Актери во изборниот процес ................................ 123
5.2. Улога на синдикатите во изборниот процес ............. 124
5.3.Синдикатите во изборниот процес во Македонија .... 126
5.3.1. Улогата на синдикатот по периоди ................................126
5.3.2. Улогата на синдикатот во периодот на ........................126
социјализмот (1945-1989 ) ....................................................126
5.3.3. Улогата на синдикатот во изборниот процес во транзицијата (во независна Македонија) ..........................128
5.4. Промена на организационата култура ..................... 133
5.5. Активности за формирање на гласачко досие.......... 141
5.6. Синдикатите и политичките партии ......................... 145
5.7. Реални аспекти на односот помеѓу синдикатите и политичките партии во Република Македонија ............ 153
5.8. Социјални настани (штрајкови, протести, блокади) и изборниот процес ........................................ 156
5.9. Заклучни согледувања ........................................... 159
**6. СИНДИКАТОТ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА ...........162**
6.1.Поим за децентрализација ...................................... 162
6.2. Улогата на синдикатот во децентрализацијата ........ 165
6.3.Актери во процесот на децентрализација ................. 170
6.4. Резиме ............................................................. 171
**7. ИНТЕРАКЦИЈА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ......173**
**8. ПРИЛОЗИ.......................................................179**

1. ИЗВАДОЦИ ОД КОНВЕНЦИИ И ПРЕПОРАКИ НА МЕЃУНАРОДНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТРУДОТ РЕЛЕВАНТНИ ЗА СИНДИКАТОТ ........................................ 179

2. АКТИВНОСТИ И СТРАТЕГИИ ЗА МОБИЛИЗАЦИЈА И РЕГРУТИРАЊЕ НА СИНДИКАЛНОТО ЧЛЕНСТВО ЗА ПОЛИТИЧКА АКЦИЈА НА СИНДИКАТИТЕ ВО САД......... 190

3. ДЕСЕТ ПРАВИЛА КАКО ДА ЗБОРУВАТЕ СО ЧЛЕНСТВОТО ЗА ПОЛИТИКА ........................................ 199

4. ГЛАСАЧКО ДОСИЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1993-2006....... 212

5. ПЛАТФОРМА НА СОЈУЗОТ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ 2002.. 222

6. СТАВОВИ НА СОЈУЗОТ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ 2006.. 231

7. АНАЛИЗА НА ПЛАТФОРМИ НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ 2002 ГОД...................... 234

9. ИЗЈАВА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ССМ ЗА СТАВОТ НА СОЈУЗОТ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО ВРСКА СО ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ 2002 ГОД. ................. 244

**9. ЗНАЧЕЊЕ НА КРАТЕНКИТЕ....................................247**

**10. БИБЛИОГРАФИЈА ..............................................249**

## Вовед

Основна причина да се појави оваа книга е предизвикот што пред себе си го постави авторот да ја анализира улогата на синдикатите во рамките на политичкиот систем, односно политичките процеси во Македонија во периодот на социјализмот и транзицијата. Секако дека презЕмената обврска не е лесна, но предизвикот беше многу голем.

Политичките процеси како подсистем на политичкиот систем се многу важни процеси за вкупниот општествено-економски и политички развој на едно општество. Од начинот и динамиката на нивното имплементирање може да се определи иднината и развојот на една општествена заедница. Тие можат да ги придвижат работите-нештата кон подобро или да ги закочат. Во изминатиот период, политичките процеси во РМ меѓусебно се испреплетуваа, надополнуваа, но и влијаеа едни на други. Процесот на приватизација, како стратешки општествено-економски, социјален и политички процес е само еден од неколкуте процеси кој е интерактивно поврзан со останатите. Нејзинато имплементирање, со сите нејзини противречности, аномалии и неправилности во голема мера го детерминираше текот и на останатите политички настани и процеси во државата, како на пример изборниот процес, процесот на одлучување, децентрализацијата и др.

Политичките процеси во едно општество се огледало на демократскиот капацитет на едно општество, но и легитимација за интегрирање на една заедница во современите општествено-политички и економски текови. Од квалитетот на нивното спроведување во

пракса, зависи внатрешната хармонија на структурните елементи на политичкиот систем, но и виза за поширока економска и политичка интеграција на РМ.

Како долгогодишен синдикален раководител во Штип и поширокиот регион, преку мојата секојдневна работа бев непосредно и посредно вклучен во речиси сите горенаведени политички процеси. Имав непосредна можност да бидам вклучен во изборниот политички процес за време на социјализмот, но и за време на целиот транзиционен период, кога монистичкиот економски и политички систем постепено се менуваше во повеќепартиски систем и пазарна економија. Притоа, можеа да се забележат евидентни разлики во улогата на синдикатот и карактерот на изборниот процес, од повеќе аспекти кои во самата книгата се поместени.

ССМ во Парламентарните избори во 2002 година, активно се вклучи од проблемски аспект. Притоа, од самиот процес констатирав важни аспекти на вклученоста на ССМ во изборниот процес во сите негови фази на имплементација (анкета, донесување на одлука за партиципирање во изборите од проблемски аспект, развивање на стратегии, формирање на т.н. гласачка историја-досие, развивање на пропаганден материјал, мобилизирање на членството да излезе и да гласа, промена на организационата култура и др.). Во овој контекст, сакам да потенцирам дека некои методи на синдикална борба (штрајковите и протестите), имаа одредено влијание врз текот и исходот на изборниот процес.

Исто така, една од моите професионални обврски беше да ги мобилизираме сите можни ресурси на ССМ на општинско и регионално ниво, со цел да се влијае врз субјектите кои ги подготвуваа и донесуваа одлуките кои беа важни за економско-социјалната положба на членството и сите останати граѓани. Преку овој процес ќе ја прикажеме и современата методоло-

гија и технологијата на донесување на одлуки, а во тој контекст ќе ја објасниме и улогата на синдикатот во процесот на донесување на одлуки во економско-социјалната сфера преку трипартитни механизми, лобирање и сл. Во овој контекст ја истакнуваме улогата на штрајковите и протестите врз субјектите кои ги подготвуваа и донесуваа релевантните одлуки за вкупната позиција на трудот.

Децентрализацијата, како долготраен политички процес, во последно време премногу ја преокупира јавноста во Македонија. Овој процес, кој по својот карактер е многу сложен и противречен, за синдикатот преставува една нова можност преку реален социјален дијалог и вистинско социјално партнерство (економско-социјалниот совет) за активно партиципирање во креирањето на јавни политики во економската и социјалната сфера на ниво на локална самоуправа, во функција на создавање на подобар и поквалитетен живот на граѓаните во локалните заедници.

Во книгата изнесувам и свои лични ставови и мислења за низа прашања поврзани со споменатите политички процеси кои се базираат на истражувања и лични искуства, но истовремено отварам простор и за други стручни размислувања. Истовремено ја прифаќам и можноста некој да не се согласува со моите ставови, размислувања и констатации за местото и улогата на синдикатите во современите политички процеси во општеството.

Андон Мајхошев